# ТОЧКА

радиусот[1] ми е нула
а плоштината
не може никој да ми ја пресмета

# БЕСПЛОДНА ТОЧКА

Не вади го извичникот!
Кругот уште повеќе ќе ја затвори својата
закривена површина,
а ти ќе останеш бесплодна точка[2]
која никогаш нема да го види својот радиус.

# БЕЗИМЕНА ТОЧКА

Нема кој име да ми даде
Лежам гола на рамнината

Сонот простред рана ми задава

Со очи полни ѕвезди
Гледам во тишината

# ГЛАДНА ТОЧКА

Точката се хранеше од срж та
на своето постоење.
Откако се наполни со крв
ги развлече усните
и пукна како меур од сапуница